„Кој ќе израсне две девојчиња сè додека не станат полнолетни, на Судниот ден ќе биде со мене вака – и ги спои своите прсти.“

Енес бин Малик, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Кој ќе израсне две девојчиња сè додека не станат полнолетни, на Судниот ден ќе биде со мене вака – и ги спои своите прсти.“

[صحيح] [رواه مسلم]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, известил дека оној кому му се дадени две ќерки или две сестри, па се грижи за нив, ги издржува, ги воспитува, ги насочува кон доброто и ги одвраќа од злото сè додека не пораснат и не станат полнолетни, на Судниот ден ќе биде близок со него како овие два – потоа ги споил показалецот и средниот прст.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/3360